Карпош ИН

Август - Септември 2020 | Бр. 89 - 90 | Година 11



ПРЕДИЗВИК ЗА СИТЕ:
БЕЗБЕДНИ ГРАДИНКИ И ШКОЛИ

КАРПОШ ЌЕ ДОБИЕ
ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО АУТИЗАМ

Интервју со **Ана Голејшка**:
ЗБОРОТ Е МОЈОТ ОДГОВОР КОН СВЕТОТ



ВЕЛО – ДРУЖБА И ЗАБАВА НА МЛЕЧЕН

Вело – трки, боење со креди, меморија и други друштвени игри беа на агендата на „ВЕЛО – РОДЕО“ настанот, кој се одржа на платото на „Млечен“, во организација на здружението „Еко – лоџик“, а со поддршка од Општина Карпош.

Младите, учениците од основните училишта и децата од градинка можеа да уживаат во активностите на отворено, кои беа спроведени по протоколот за организација на јавни настани.

Младите во најголем број дојдоа со својот велосипед, при што имаа можност да го поминат полигонот за возење, на којшто беа поставени различни препреки и симулации на mountain biking (планински велосипедизам).

Освен рекреација, настанот имаше и едукативен карактер, при што децата учеа за сигнализацијата во велосипедскиот сообраќај, како да се однесуваат кога менуваат насока, да даваат предност, со цел да има поголема безбедност за сите учесници во сообраќајот.

На настанот учествуваше и градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев. Низ разговор со присутните, тој посочи дека на овој начин младите ги враќаме во населбите, го развиваме нивниот спортски дух, а патем, за момент ги забораваат мобилните и е-уредите и да се физички активни.

ОПШТИНА КАРПОШ

Весник на
локалната самоуправа

Издава Општина Карпош
ул. Радика бр. 9
тел.: 02 | 30.55.901
02 | 30.55.902
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки Совет
Стефан Богоев
Душко Бужаровски
Филип Даскаловски

Редакција
Димитар Карапашев
Игор Ѓуровски
Мила Гавриловска
Ива Зафировска
Благојче Атанасоски
Ивана Пендовска-Вукашиновиќ
Бранко Петров

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Заменик-уредник
Игор Ѓуровски
igor.gjurovski@karpos.gov.mk

Одговорен за Фотографија
Игор Ѓуровски

Фотографија
Игор Ѓуровски
Ива Зафировска
Бојан Секулоски

Лектор
Ангелина Николовска

Технички уредник | Графички дизајн
STEFChou

Печатница: Европа 92
Тираж: 20.000 примероци

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ISSN 2545-482X

Во овој број ќе читате...

4 **СКВЕРОТ ВО КАРПОШ 2** - Ново зелено катче

6 Тема на бројот:
Предизвик за сите: **БЕЗБЕДНИ ГРАДИНКИ И ШКОЛИ**

10 Проекти:
ТЕМЕЛНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДИНКАТА „МАЈСКИ ЦВЕТ“ ВО ТАФТАЛИЦЕ 1

14 Колаж:
Карпош ќе добие **ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА АУТИЗАМ**

15 Колаж:
ГИС – ПЛАТФОРМАТА ЗА КАРПОШ
Повторно достапна за граѓаните

16 Интервју:
Ана Голејшска - ЗБОРОТ Е МОЈОТ ОДГОВОР КОН СВЕТОТ

18 Актуелно:
РЕСТАВРАЦИЈА НА МАНАСТИРОТ „СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН“ ВО НЕРЕЗИ

20 Популано:
Литература.мк
НАЈДОБРИТЕ КНИГИ СО МУЗИКА И КАФЕ

28 Млади и спорт:
МЛАДИТЕ ДА ОДЛУЧУВААТ ЗА МЛАДИТЕ

36 Гастронаути:
БАЛАДА ЗА „КАНЦОНА“

38 Бизнис катче:
ЦВЕЌЕ ВО СЕКОЈА СЕЗОНА И ЗА СЕЧИЈ ВКУС

28 Здравје:
КОРОНАВИРУСОТ МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКА **ТРОМБОЗА** И ДА ДОВЕДЕ ДО **МОЗОЧЕН УДАР**



СКВЕРОТ ВО КАРПОШ 2 - НОВО ЗЕЛЕНО КАТЧЕ

Започна уредувањето на **новиот зелен сквер**, на аголот меѓу улицата „Никола Тесла“ и булеварот „Илинден“ во населбата Карпош 2. Тука ќе бидат засадени нови листопадни и зимзелени дрвја, а јавниот простор ќе се облагороди и со реквизити за деца, клупи за седење, корпи за отпадоци, пристапни патеки, вело – паркинг, чешма за пиење вода и лед светилки.

Во овој дел од Карпош недостасуваше ваква зона за рекреација на граѓаните.

Општина Карпош, веќе има искуство со создавање на вакви места за дружење и релаксација низ целата локална самоуправа, и како што потсето градоначалникот Стефан Богоев, во изминатиов период, во близина на ова место направивме и нов маалски центар во Карпош 1, на ул. „Иван Аговски”, како и кај Драмскиот театар, во Карпош 2, и во двата случаеви со поддршка на Градот Скопје.

Скверовите, маалските центри имаат за цел да обезбедат рекреација за сите граѓани, повеќе зеленило во нивната населба и унапредување на маалскиот соживот, така што тие имаат во себе и социјална и еколошка приказна.





Овој зелен сквер го прави Град Скопје и е дел од проектот за редизејнирање на јавните зелени површини на четири локации во главниот град. Градоначалникот Петре Шилегов се осврна на фактот дека во донесувањето на одлуката за новите зелени површини биле вклучени и граѓаните и била направена анкета.

Основата цел е уште повеќе да го облагородуваме јавниот простор, но и да го зголемуваме зеленилото во градот, меѓу булеварите, внатрешно во населбите, истакна Шилегов.

Исто така, Општина Карпош и Град Скопје работат и на големиот парк кој ќе се простира во продолжение на спортско – качувачката карпа до бунарите на р.Лепенец. Откако целосно се израмни теренот и се исчисти депонијата, сега се подготвува проектот за изведба на овој парк.

Изминатиов период, локалната самоуправа постави и седум нови системи за наводнување на тревните површини, а беше воведена и двосменска работа на комуналните служби, за наводнување на новозасадените дрвја.

@sbogoev | @stefanbogoev | Stefan Bogoev | gradonacalnik@karpos.gov.mk



Септември секогаш претставувал нов почеток на годината. Почеток на учебната година, враќање на секојдневните навики, на работа по летните одмори, подготовка за зимници, дополнителни трошоци за сите... Корона кризата прилично го промени нашиот тек на живот. Учебната година започнува на 1 – ви октомври и периодов го користиме за подготовки за безбеден прием на учениците во сите десет основни училишта во Карпош.

На 9 – ти септември започнаа со работа градинките. Искрено, од сите страни се гледаше среќата и позитивната енергија кај дечињата, но и кај воспитниот кадар. Бев во посета на градинката „Орце Николов“ во Карпош 3, каде што имав можност да се уверам во начинот на којшто се згрижуваат децата. Родители, баби и дедовци, можете да бидете спокојни. Кадарот ги презема буквално сите мерки за заштита на најмладите. Дали може да се појави проблем? Може. Но, тврдам дека хигиената и условите во објектите се на завидно ниво.

Периодов имавме и три убави маалски дружби: отворање на спортско – рекреативниот центар во „Лазо Трповски“ (Карпош 3), посета на новиот маалски центар на „Иван Аговски“ (Карпош 1) и вело – родео настанот на „Млечен“. Мајки и татковци, деца, млади, повозрасни, сите на едно место. Покажавме дека јавниот простор може да биде достапен за карпошани, за спорт и рекреација, за маалски соживот.

Летото помина без препознатливите настани: „Карпошово лето“ и Меморијалниот турнир во мал фудбал „Сокол“. Како резултат на коронавирусот, не сакавме да ризикуваме и ги одложивме настаните. Тие се дел од културата и спортот на локално ниво и одлуката не беше лесна. Но, средствата кои беа планирани за реализација, ќе ги пренамениме за она што сега е најпотребно – подготовка за почеток на учебната година. Соочени сме со сериозни проблеми, да обезбедиме квалитетна интернет врска во сите училишта, да најдеме е – уреди за наставниот кадар и за учениците во социјален ризик... Предизвикот е голем и затоа ни е потребна поддршка од сите.

Малку „надвор“ од локалното, добивме нова Влада и нов парламентарен состав. Бев пратеник од 2014 до 2017 и знам како граѓаните гледаат кон оваа позиција. На моите другарки и другари – парламентарци ќе им посакам успешен мандат. Секогаш да аргументираат, да бидат истрајни и да внесат свежина во Парламентот. На опозицијата пак, ќе и посакам среќа. Не сакам кога политичките противници се мешаат во внатрепартиските прашања, но ВМРО – ДПМНЕ е пред сериозен предизвик. Будимпешта е се погласна.

Чувајте се!
Стефан Богоев



ПРОДОЛЖУВА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

ПРЕДИЗВИК ЗА СИТЕ: **БЕЗБЕДНИ ГРАДИНКИ И ШКОЛИ**

Пишува: **Димитар Караташев**



Образованието е темелот на секоја развиена држава или заедница која се стреми кон современото општество. Ковид кризата придонесе целосно да се промени текот на воспитно – образовниот процес. Најпрво, во месец март училиштата и градинките се затворија и наставата се спроведуваше по електронски пат.

> Цела оваа новонастаната ситуација отвори многу дилеми и размислувања: Како сега ќе започне новата учебна 2020/2021 година? Дали оваа генерација на ученици ќе може да го надомести изгубениот материјал? Електронскиот начин на учење е продуктивен или не?

Сигурно на секои од овие прашања ќе добиеме различни одговори. Но, факт е дека сите мора да се прилагодиме на новиот животен и општествен тек.

Градинките веќе започнаа со работа, а на први октомври вратите ги отвораат и училиштата за учениците до трето одделение.

Во Општина Карпош има 11 објекти на градинки, во кои веќе се врши прием на деца. До овие моменти, воспитниот процес се одвива без поголеми проблеми. Локалната самоуправа и управите на градинките направија се што можеа за да обезбедат прием на децата по сите стандарди. Извршена е целосна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на заниманите, административните простории, холовите и кујните. Претходно, сертифицираната компанија Clean Max Macedonia спроведе и дезинфекција на сите душеци во градинките (со што беа отстранети различни микроорганизми и бактерии).

Од првиот ден од приемот на деца во градинка можеше да се забележи посебен елан и среќа кај најмладите. После повеќе месеци, повторно се врати џагорот и смеата по заниманите и дворовите на градинките.



Хигиената во градинките и училиштата е на високо ниво







Основните училишта се соочени со посериозен предизвик, а тоа е да обезбедат настава со физичко присуство до трето одделение, додека за сите други одделенија и настава по електронски пат. Општина Карпош и во делот на основното образование преземаше повеќе активности: извршена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација во сите десет основни училишта; помогнавме во снабдување на образовните установи со ИТ опрема (компјутери, слушалки, камери) за да се спроведува онлајн наставата, доделивме дезинфекциони пумпи и сл.

Ова е период во кој никој не може да гарантира 100 насто подготвеност. Затоа одговорноста е кај сите чинители: институциите, наставниците, учениците, родителите, хигиеничарите, управителите на училиштата. Сите поминуваме низ еден сериозен процес, светска пандемија која го промени текот на животот во цел свет.

Министерството за образование и наука веќе подготви национална платформа преку која ќе се следи електронската настава. Оваа платформа ќе биде достапна на пет јазици, а ќе се карактеризира со зголемена интерактивност. На истата може да се работи од компјутер или телефон. Учениците лесно ќе може да ги завршуваат онлајн домашните задачи, да учествуваат во квизови и слично. Изминативе денови се спроведе и обуката на наставниот кадар, за работа на оваа платформа.

Изминатиот период, Општина Карпош и градоначалникот Стефан Богоев и општинските служби имаа повеќе средби со директорите на градинките и основните училишта. И покрај тешката финансиска состојба и задолженост, локалната самоуправа дава значителна поддршка на воспитно – образовните установи за да се обезбеди згрижување и настава за најмладите.

Подготвена е платформа за онлајн настава за основните училишта





Никој не може да вети 100% подготвеност, сите сме одговорни



Ги повикуваме сите наставници и административно – техничкиот кадар, учениците, родителите, бабите и дедовците на зголемена „будност“ овој период. Да ги почитуваат мерките и протоколите за заштита, но и да зборуваат со своите деца, внуци за важноста на овој период.

И во време на светска пандемија го трасираме патот по кој се движи заедницата, но и целокупното општество.



СТАРТУВА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА - ПРЕДИЗВИКОТ ПРИФАТЕН

Поставени насоки на движење, дезинфекциони бариери, креативни упатства, клупи на растојание, ново - адаптирани училници и многу други мерки за заштита од Ковид – 19. Ова е сликата во сите десет основни училишта на територија на Општина Карпош, кои овие денови интензивно се подготвуваа за почетокот на новата учебна година.

За да се привлече вниманието на најмладите, на учениците од прво, второ и трето одделение, сите упатства се со воочливи бои и симболи, кои стимулираат интеракција и следење на протоколите.

Во училиштата, беше спроведена и обука на наставниот кадар за работа на националната онлајн платформа.

Локалната самоуправа обезбеди и дополнителна ИТ опрема (компјутери, слушалки и камери) за наставниците, со цел наставата да се одвива без пречки.

Секое од училиштата има и просторија за изолација, во случај ученикот да развие симптоми на коронавирусот.

Хигиената во холовите, училниците и во тоалетите е на навистина високо ниво, а секое училиште има обезбедено и повеќе влезови, пристапи кон училниците.

Ова е период кој бара одговорност од сите нас. Заради непредвидливоста на вирусот, никој не може да вети стопроцентна подготвеност, но Општина Карпош и управите на десетте основни училишта работат со сите капацитети за да се обезбеди безбеден прием на учениците до трето одделение и непречена настава по електронски пат.

РЕАЛИЗ



ОБНОВЕНАТА „МАЈСКИ ЦВЕТ“ – ПОДГОТВЕНА ЗА 140 ДЕЧИЊА

По неколкумесечна интензивна работа градинката „Мајски цвет“ во Тафталиџе 1 доби нов лик. Направена е реконструкција на сите тоалети, со што се подобрија хигиенско – санитарните услови во оваа предучилишна установа Променети се прозорците и вратите, за да се подигне и енергетската ефикасност на градинката, но и да се намалат сметките за загревање за 30 отсто. Исто така, направена е целосна реконструкција на фасадата, на дел од кровната површина, како и на повеќе занимални.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, уште во предизборната кампања во 2017 година вети реконструкција на оваа градинка, која во нормални услови згрижува 140 деца, а по протоколот за заштита од Ковид – 102.

- Дури и во услови на светска пандемија не застанаа активностите во поглед на зголемување на капацитетите во предучилишното образование. Конечно добивме нов лик на „Мајски цвет“ во Тафталиџе 1. До овој момент, приемот на деца во оваа градинка, но и во сите други објекти во Карпош се одвива без поголеми проблеми. Сепак, никој не може да гарантира 100 отсто подготовеност, но покажавме дека можеме да гарантираме подобри услови во градинките,вечи Богоев.

Локалната самоуправа изминатиот период направи и целосно нова градинка во Бардовци, објектот „Виножито“, којшто е клон на „Распеана младост“ и во нормални услови згрижува 78 деца. Исто така, градинката „Мајски цвет“ во Тафталиџе 2, доби целосно нов објект – цврста градба, кој може да згрижи 95 деца.

Предвидена е адаптација и на уште 3 – 4 занимални, затоа што новиот Протокол подразбира присуство на помалку деца во една занимална.



ОТВОРЕН НОВИОТ СПОРТСКО – РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ВО КАРПОШ 3

На површина од 11.000 квадратни метри, граѓаните на Општина Карпош, поточно од населбата Карпош 3 добија нов спортско – рекреативен центар во училишниот двор на ООУ „Лазо Трповски“.

Овој центар беше отворен со голема маалска дружба Негова цел е да понуди содржини за повеќе генерации на граѓани.

Содржинскиот дел на спортскиот центар го исполнуваат теренитe за кошарка, фудбал, ракомет, сервис, фитнес зона, детско игралиште, како и новозасадени дрвја, тревна површина, систем за наводнување, лед светилки, клупи и корпи за отпадоци.

Преку маалска средба и дружење најнепосредно се покажа како може и како треба да се користат овие јавни површини. Младите спортуваа, децата, барем за момент се вратија во училишните дворови и правеа џагор, а повозрасните уживаа во македонските евергрини и мелодии за Карпош и Скопје.

ИРАНИ



ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА „МЛЕЧЕН“ ДОБИ НОВ ЛИК

Поставени се нови реквизити и гумирана подлога на детското игралиште во урбаната заедница „Владо Тасевски“ (Млечен). После подолго време оваа зона доби целосно нов лик, а со новата подлога се подобри и безбедноста за најмладите.

Исто така, на барање на граѓаните поставена е и чешма, за освежување во летниот период.

Градоначалникот Стефан Богоев ги повика граѓаните на одговорно и совесно користење на детските игралишта. Овие рекреативни зони се прават со буџетски средства на Карпош – пари на граѓаните и затоа одговорноста треба да биде на уште повисоко ниво.



ХОРТИКУЛТУРНО КАТЧЕ НА „ИВАН АГОВСКИ“

На улицата „Иван Аговски“ во Карпош 1, локалната самоуправа целосно го промени ликот на овој дел од населбата. Се засади нова тревна површина, но и украсни растенија. За заштита и долготрајност на зеленилото, исто така, беше поставен и систем за наводнување.

За најмладите карпошни, е направено и ново детско игралиште, а е поставена и соодветна опрема, клупа за седење и корпи за отпадоци.

На ова ново зелено катче, и место за рекреација, беа многу млади, со своите баби и дедовци и родители, кои низ неформален разговор со градоначачникот на Општина Карпош Стефан Богоев, се согласија дека облагородувањето на јавниот простор, преку засадување повеќе тревни површини, дрвја и хортикултурно уредување во меѓублоковскиот простор, е исклучително важно за дружење и рекреација, особено во пролетните и топлите летни месеци.

НОВИ 90 КОРПИ ЗА ОТПАДОЦИ НИЗ КАРПОШ

Во делот на новата спортско – рекреативната зона во Карпош 3 (која е во завршна фаза), беа монтирани седум корпи за отпадоци и седум клупи за седење, а потоа локалната самоуправа етапно ќе ги постави и останатите 83 корпи за одлагање на ситен отпад во повеќе населби низ општината.

По претходна консултација со комуналните редари од Карпош, корпите ќе бидат поставени на местата кои се мапирани како најкритични, односно, таму каде што најмногу е евидентирано фрлање на отпадоци. Иницијативата за дополнително поставување на корпи за отпадоци започна минатата есен кога општината особено се фокусираше на подигнување на нивото на јавната хигиена.



СЛЕДУВААТ **РЕКОНСТРУКЦИИ НА УЛИЦИ** ВО КАРПОШ 1 И КАРПОШ 2

Советниците на Општина Карпош ја одобрија и одлуката за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2). Со оваа одлука се утврдува потпишување на Договор за подзаем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка во висина од **16.464.946 денари**.

Со овие средства е обезбедено финасирање на капитални инвестициски проекти кои ќе опфатат **реконструкции на улици** во урбаната заедница Карпош 1 и Карпош 2 и тоа: реконструкција на улицата **„Гиго Михајловски“** со вкупна вредност од **2.254.390 денари со вклучен ДДВ**, на улицата **„Иван Аговски“**, со вкупна вредност од **5.212.237 со вклучен ДДВ**, на улицата **„Шекспирова“** со вкупна вредност од **6.262.378 со ДДВ**, како и реконструкција на коловозна површина со тротоари на улица „**Мирка Гинова“**, со вкупна вредност од **2.917.941 со ДДВ**.



НОВ КОЛОВОЗ ЗА **„НИКОЛА ПАРАПУНОВ“**

Градот Скопје, ќе го обнови коловозот на улицата **„ Никола Парапунов“**, во населбата Карпош 4, во должина од **580 метри**, кој ги поврзува булеварите „Илинден“ и „Партизански одреди“. Предвидена е и реконструкција на оштетените делови од тротоарите, но и замена на рабниците.

Според градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов градежните активности на „Никола Парапунов“ ќе траат 30 дена. На оваа улица предвиден е и третиот конектор помеѓу главните велосипедски рути на бул. „Илинден“ и „Партизански одреди“.

ТЕК



РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧИЛНИЦИ ВО ООУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“ ВО ВЛАЕ

Реконструиравме две училници во „Димо Хаџи Димов“ во Влае. Притоа беше заменет стариот и оштетен под со нов, а беа бојадисани и ѕидовите од училниците.

Предвидена е и санација на пристапните патеки во училишниот двор, за да се обезбеди побезбедно движење на децата, наставниот кадар и родителите.

Во ова училиште, минатата година беа реконструираа и дел од тоалетите и соблекувалните во спортската сала.

На овој начин, локалната самоуправа продолжува со подобрување на условите во основните училишта во Општина Карпош.



НОВ ПОД ВО „ОРЦЕ НИКОЛОВ“ – ПОБЕЗБЕДЕН ПРЕСТОЈ НА НАЈМЛАДИТЕ

Интензивно се работи на подобрување на условите за престој во објектот на градинката „Орце Николов“, во Карпош 3. Се промени подот во една од занималните на оваа установа, како и во централниот хол, којшто, меѓудругото, се користи и за организација на приредби, настани и сл.

Стариот и дотраен паркет се замени со хомоген ПВЦ под (линолеум), кој е поотпорен на бактерии и хемикалии, што е особено важно за заштита на здравјето на децата.

Во истиот објект ќе се направи и промена на подот во една од јасли просториите, како и во сите пристапни ходници на градинката.

Овие реконстукции се прават со средства од буџетот на градинката.

„ВИНОЖИТО“ ЌЕ ДОБИЕ И ЈАСЛИ

Во објектот „Виножито“, во населеното место Бардовци, како дел од детската градинка „Распеана Младост“, ќе се адаптира и посебен јаслен дел, односно ќе се приспособат и соодветно ќе се опремат просториите за прием на најмалите деца од 0-2 години.

Со тоа Бардовчани ќе може да ги запишуваат своите деца во категоријата „јасли“ во детската градинка во своето место на живеење.



КАРПОШ ЌЕ ДОБИЕ **ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО АУТИЗАМ**

Општина Карпош треба да добие Дневен центар за лица со аутизам . Отворањето на Дневен центар за лица со аутизам на територија на Карпош е со цел да овозможи нега и развој на вештините кај овие граѓани, а токму тој беше главна тема на разговор на средбата меѓу градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев и амбасадорот на Бугарија во Скопје, Ангел Ангелов.

Се предвидува ваквиот центар да се отвори во населбата Тафталиџе 1, во просториите на постоечката амбуланта. Со поддршка на бугарската амбасада во план е целосно уредување на внатрешниот дел на просторот, негова реконструкција и адаптирање за прифаќање на лицата со аутизам.

За овој центар, кој ќе биде прв од ваков вид во нашата држава, обезбедена е поддршка и од Министерството за здравство и од ЈЗУ Здравствен дом – Скопје.

Градоначалникот Богоев изрази подготвеност Општина Карпош да се вклучи во надворешното уредување на околниот простор кој ќе се користи за лицата со попреченост за различни рекреативни и едукативни цели. Патем, тој потсети на тоа што досега направила локалната власт за овие сограѓани:

- Како локална самоуправа даваме голема поддршка за младите лица со попреченост – децата (отворање на сензорните соби во училиштата и градење инклузивни игралишта). Овој центар навистина ќе овозможи поголема заштита на оваа категорија млади од 15 до 30 години, кои треба да се почувствуваат понезависни и да придонесуваат во заедницата, истакна Богоев.

Присутните на состанокот, Антонија Велева, координатор на проекти во Република С. Македонија од Амбасадата на Бугарија и Весна Стојановска од НВО „Во мојот свет“ детално ги претставија активностите на овој центар. Имено, слична ваква установа постои во Нови Сад (Србија), а згрижувачкиот капацитет би бил од 30 до 50 лица. Во насока на развивање на вештините кај овие лица се разговараше и за поставување на посебни содржини во надворешниот дел, како и изградба на сензорен парк.



НОВИ **ОБРАЗОВНИ АСИСТЕНТИ** ВО ОПШТИНА КАРПОШ

И оваа учебна година, локалната самоуправа ќе им излезе во пресрет на родителите и на учениците со посебни потреи на кои им е потребно поддршка со образовни асистенти.

Членовите на Советот на Општина Карпош ја изгласаа одлуката за давање согласност за потпишување на Договор за реализација на Проектот „Карпош за еднаквите во училиштата 2020/2021 година“.

Станува збор за одлука за потпишување на Договор помеѓу Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Програмата за развој на Обединетите Нации (UNDP) и Општина Карпош за имплементација на активности каде УНДП обезбедува поддршка во рамките на проектот „Креирање можности за работа на сите- IV“. Преку одлуката се овозможува ангажирање на образовни и лични асистенти за учениците со попреченост кои ја следат редовната настава во општинските основни училишта во Општина Карпош.

Локалната самоуправа ќе кофинансира 20 образовни асистенти во износ од 20% од месечниот надоместок.





ТЕРЕНСКИ ПАТРОЛИ ПО НАСЕЛБИТЕ ЗА ЗАШТИТА ОД КОВИД – 19

Со повик до граѓаните да носат заштитни маски, да одржуваат дистанца и да вршат почеста дезинфекција при посетата на маалските паркови, платоа и детски игралишта, се дел од советите кои претставниците од урбаните заедници на Општина Карпош и службеници од Секторот за дејности од јавен интерес ги упатуваат до граѓаните.

Имено, Општина Карпош започна со теренска кампања за информирање на граѓаните кои се рекреираат по маалските паркови, платоа, плоштади и детски игралишта, како правилно да ги почитуваат и применуваат мерките за заштита од Ковид – 19.

Локалната самоуправа започна со теренска информативна кампања, имајќи предвид дека голем број на граѓани поминуваат дел од своето време на отворен простор.

Се делеа информативни флаери во населбите Влае 2, „Владо Тасевски“ (Млечен), Козле и Карпош 2, а акцијата ќе продолжи и во другите населби.

Од теренските проверки се констатираше дека граѓаните најчесто ги почитуваат мерките, но има повеќе примери и на неносење заштитни маски и седење во поголеми групи. Во овие случаи, претставниците на Општина Карпош алармираа до граѓаните да одржуваат дистанца и да стават заштитна маска, затоа што сите носиме одговорност за намалување на ширење на овој вирус.

Претставниците на локалната самоуправа, во попладневните часови, делат информативни флаери, за да нема големи групирања и собири по населбите. Исто така, се повикуваат граѓаните на носење заштитни маски, одржување дистанца и вршење на чести дезинфекција на рацете.

Основната цел на теренската кампања е да овозможиме уште побезбедни услови за спорт и рекреација на карпошани.

Овие патроли започнаа со активности при крајот на август, се спроведуваат во периодот од 19:00 до 20:00 часот ќе се одржуваат во континуитет.



ГИС – ПЛАТФОРМАТА ЗА КАРПОШ **ПОВТОРНО ДОСТАПНА** ЗА ГРАЃАНИТЕ

Општина Карпош, на својата веб страна повторно го воведе системот на ГИС (географски информационен систем). Во пракса тоа значи дека отсега граѓаните ќе можат брзо и ефикасно да пристапат до бараните информации, со само неколку клика на официјалната веб страна на Општината. Корисниците на оваа услуга од Карпош или од било каде, ќе имаат увид во фактичката состојба со ДУП-овите и градежните парцели како и фактичката состојба, т.е катастарската ситуација и детален преглед со сателитска снимка од Карпош. Практично, на овој начин заинтересираните странки ќе можат да дојдат до бараната информација по електронски пат, без притоа физички да ги посетат просториите на општинската администрација.Со враќањето во функција на оваа апликација ќе се постигне зголемување на транспарентноста и поголема достапноста на јавни податоци.

Таканаречената „паметна електронска карта“ ја изработи реномираната софтверска фирма GDI (со претставништво во Скопје). Инаку, платформата нуди просторни податоци кои се распоредуваат во неколку тематски нивоа во т.н слоеви во форма на дигитални карти. Подетално разгледано, тоа претставува низа од планови нацртани на прозирна хартија – транспарент, која содржи одреден вид на информација (на пример: патна мрежа, сателитска снимка, просторен план, детални урбанистички планови, катастарска подлога, итн.).

ГИС – порталот на општина Карпош може да се посети преку директниот линк:

http://62.162.113.130:6080/karposgis/?fbclid=IwAR12lx-Fxxv6hMOT7DjzWehCSSgKNsxNEQnFXWp0A3f-1AZZv6M8yDe-W0U



АНА ГОЛЕЈШКА ЏИКОВА - ПОЕТЕСА, АКТИВИСТ

ЗБОРОТ Е МОЈОТ ОДГОВОР КОН СВЕТОТ

Разговараше: **Виолета Цветковска**

Астални проекции беа координатите на едно весело, чаршиско време: толку музика, песна, младост и будалеење тешко дека ќе се повторат. „Ретвитни оброк“ го заокружи мојот светоглед на емпатија и желба за готвење

Кога ќе „начекаме“ некој успешен карпошанец или карпошанка како Ана Голејшка Џикова некако го доживуваме како личен триумф. Победата е наша! Дали писателката Ана е горда на Карпош?

- Можам да кажам дека го сакам Карпош, дека му се радувам кога му се враќам, бидејќи тоа е моето маало во кое почнуваат и се расплетуваат сите мои сеќавања, од најрано детство до повозрасни години. Горда сум што маалото остана зелено, што паркчињата во кои јас кинев сливи и копав песок, уште стојат недопрени. И треба да остане така!

Од кога отприлика почна светот да го гледаш низ силината на речта...проза, поезија. Улицата, како инспирација, љубовта или секојдневието?

- Кога научив да читам, а потоа и да пишувам, тргна возот :) Да речеме на свои пет години јас веќе му ги читав титловите на дедо ми од телевизорот. Инспирација е животот и тоа е неменливо низ годините. Животот низ љубовта, загубата, среќата, несреќата, духовноста и материјалноста. Зборот е мојот одговор кон светот, моја оддишка и храброст да си ги пренесам чувствата кон надвор.

Се менуваат ли приоритетите или одат паралелно, проза, поезија, па детска литература. Надја е пресвртот?

- Надја е пресвртот и во мене внатрешно како личност, жена, а потоа и мајка. Приоритетите си дојдоа некако како порачани, сосем природно. Поезијата продолжи, но и детската песна ми го обои срцето, тоа е некако спонтан израз кој ме води од секојдневните игри со ќерка ми. Ризница на нови и необични идеи си имам :)

Дали детската литература е неоправдано запоставена, или има розова иднина?

- Во годинава што измина, колку и да беше чудна и страшна, детската литература доживеа експанзија,



се рашири како прегратка кон детските умови. Многу мои другари автори и поети, но и самата јас во периодот на карантин буквално секојдневно ја „храневме“ интернет сферата со детски песнички, куси раскази... Мислам дека иднината за детската книга е сега и овде. Сведочиме и книжевни фестивали кои ја третираат токму детската литература, како што беше „Друга приказна“. Можеби не е розова, но е оптимистична сликата за иднината на оваа литература.

Голејшка е и активист. #Ретвитниоброк. Во градот има гладни, за храна, за љубов, ама многу малку се заземаат тоа да го променат. Сепак е позитивно искуство, нели?

- Едно од поважните искуства, би рекла освестувачко во полн капацитет за мене. Во континуитет од четири години се вмреживме со многу луѓе што сакаат да учествуваат во каузата и помагаме на преку 100 гладни, социјално загрозени и бездомни секоја сабота, заедно со невладината организација „Љубезност“. Готвам откако знам за поимот храна, и некако „Ретвитни оброк“ го заокружи мојот светоглед на емпатија и желба за готвење. Поради ситуацијата со коронавирусот, не сме активни последниве месеци, и искрено многу ми фали тој сегмент од животот. Се надевам наскоро ќе се вратиме во акција!

Асталните проекции некако незаобиколно потсетуваат на тебе.

- Астални проекции беа координатите на едно весело, чаршиско време кое вечно останува во мислите. Толку музика, песна, младост и будалеење тешко дека ќе се повторат. Незаменливи поетски кругови радост кои со задоволство ги креиравме со другар ми Ѓоко Здравески, но и цела тајфа поети, прозаисти и музичари. Астални ни беа вторниците за уживање и откривање нови светови. Сега мирно спијат во книгата Монографија „Астални проекции“, каде ги зачувавме во убав спомен.

Ќе ни напишеш ли некогаш некој стих само за Карпош, да можеме да го пееме и употребуваме како слоган, поздрав или уште нешто друго?

Ако се инспирирам, зошто да не! :)



РЕСТАВРАЦИЈА НА КОНАЦИТЕ НА МАНАСТИРОТ „СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН“ ВО НЕРЕЗИ

Со донесувањето на одлуката и согласноста за реализација на „Проект за конзерваторски и реставраторски интервенции-замена на столарија и внатрешно уредување на конаците во манастирскиот комплекс Св.Пантелејмон“, на неодамнешната седница на Советот на Општина Карпош, избраните претставници на карпошани всушност направија исклучителен исчекор во спасувањето и зачувувањето на еден од највредните културно- историски и сакрални објекти на територијата на локалната самоуправа.

По ваквата одлука следеше и потпишување на конкретен договор за соработка меѓу Општината и Министерството за локална самоуправа-Бирото за регионален развој за конзерваторски и реставраторски работи на манастирот „Св.Пантелејмон” кој датира од 12-тиот век и е еден од културно-историските обележја, не само на општина Карпош, туку и на градот Скопје.

Станува збор за единствен црковен комплекс кој во себе содржи две фрески , „Оплакувањето Христово“ и „Симнувањето од крстот“, кои се врвен приказ на византиското сликарство и оддолеале на забот на времето уште од 1164-година. Идејата со реставрацијата е да се врати не самоавтентичниот надворешен лик туку да се зачува и црковниот дух на овој сакрален објект.

Финансиската поткрепа за обнова на делови од манастирот од Бирото за регионален развој за реконструкцијата на манастирот ќе биде шест милиони денари, додека Општината пак, со сопствени ресурси ќе партиципира со средување на околниот простор на манастирот.

Се очекува сите изведбени работи да завршат при крајот на оваа година.

Ваквите чекори на локалната власт се инвестиција во севкупниот економски и културен развој на Карпош. Вложувањето во одржливо користење на природното и културното наследство во функција на туризмот, е еден од стратешките приоритети на локалната власт, но и придонес во негувањето и зачувувањето на националниот и верски идентитет.

Ова, исто така, е показател за сите натамошни напори кои ги презема Општината во зачувување на културните и историските локалитети кои се на нејзина територија, како што се Хавзипашините конаци, Аквадуктот, и др.



ЛОКАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ВО КАРПОШ

ЗАЕДНИЧКИ ЗА **ПОМИРЕН И ПОЗДРАВ КАРПОШ**

Мерките кои Општина Карпош ги презема на локално ниво за намалување на последиците од Ковид – 19, претстојната учебна година и безбедноста во населбите, беа главни теми на дискусија на третата седница на Локалниот совет за превенција.

Ова тело кое е составено од градоначалникот, претседателот на Совет, советници, како и од претставници од полицијата, јавното обвинителство и од други државни институции и организации е задолжено за следење на безбедносната состојба во општината.

Имајќи ја предвид чувствителноста на ситуацијата, на седницата присуствуваа и сите директори на општинските основни училишта, претседателите на родителски совети, како и претставници од агенциите за обезбедување на овие установи.

Градоначалникот Стефан Богоев даде осврт на работата на Општинскиот кризен штаб, која се однесува на постојаната дезинфекција на улици, на влезовите од згради, училиштата и градинките, давањето на известувања до компаниите за работа во полициски час, иницирањето на е – настава во основните училишта и сл.

- Сепак, денеска ни е потребен посериозен, интегриран систем на учење, во специфични услови, којшто, се надевам, дека ќе биде испорачан од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Во овие моменти, општинските служби прават проверка по основните училишта колку лап – топ компјутери ќе бидат потребни и со каква интернет врска располагаат училиштата за следење на наставата. Исто така, работиме и на повеќе реконструкции во образовните установи, сé со цел подготвени да ја пречекаме учебната година, рече Богоев.

Претставникот од СВР Скопје Ристо Јовановски, најави формирање на мешовити патроли, кои ќе бидат поставени од претставници од училиштата, родителските совети, учениците и општината. Тие ќе имаат задача да патролираат по детските игралишта, парковите и да прават проверка како се користат овие рекреативни зони.

На седницата се обрати и претседателот на Совет на Општина Карпош, Андреј Манолев. Тој посочи на фактот дека Советот целосно се адаптираше на новото време и четири седници веќе се одржани online.

- Меѓудругото, сакам да ја истакнам добрата и продуктивна соработка меѓу власта и опозицијата на локално ниво, која е особено значајна за граѓаните во ек на пандемијата, рече Манолев.

Во интерактивниот дел од седницата на Советот за превенција се вклучија и дел од претставниците на родителите, советниците, полицијата.

ВО СУПЕРПРОДАВНИЦАТА НА „ЛИТЕРАТУРА.МК“

НАЈДОБРИТЕ КНИГИ СО МУЗИКА И КАФЕ



„Место каде се поддржува квалитетната култура и каде што се сретнуваат најдобрите книги, музика и кафе“.

Вака наједноставно може да се опише новата суперпродавница **„Литература.мк“** лоцирана на вториот кат од трговскиот центар „Скопје сити мол“. За задоволство на карпошани, таа е отворена токму во нивната општина. Станува збор за најголемата книжарница во земјава каде што може да се најдат изданијата на „Арс Ламина“ и на другите домашни издавачи, материјали, производи и играчки од светски брендови, како и простор каде што често се организираат концерти на домашни изведувачи. Надополнет со кафуле кое полека станува познато по тоа што е единствена локација во градот каде што може да се вкуси кафето „Кафе Италија“ кое доаѓа од добро позната компанија за печење кафе од Фијано, северно од Рим. Целиот простор е со површина од 500 квадратни метри со богата понуда на книги за сите генерации, на неколку јазици, програма за подароци, канцелариска и училишна опрема, играчки и кафе-бар.





Суперпродавницата беше отворена во мај годинава со концерт на „Влатко Стефановски трио“ кој поради пандемијата беше пренесуван онлајн. Неодамна, на оваа локација, скопјани уживаа и во шест мини астро-концерти, настан поддржан од Делегацијата на Европската унија кој го отвори евроамбасадорот во нашата земја, Самуел Жбогар. Настапија: групата „Љубојна“ како квартет, вибрафонистот Антоние Весковски, триото „Тринити Стрингс“, џез-дуото Марија Димитријевиќ и Гордан Спасовски, босанова триото на Јани Костурски, Ѓоле Грујовски и Маја Капсарова, како и најновата, а воедно и најмала, но неверојатно моќна дуетска формација на Дориан Јовановиќ со вокалистката на „Чалгија саунд систем“, Добрила Грашеска. Во план е, во иднина да се организираат и други настани од ваков тип со цел да се поддржи работата на домашните изведувачи како и на публиката да ѝ се понуди квалитетна музика од нашата земја.

Во оваа најголема книжарница се застапени најбараните светски и домашни наслови од „Арс Ламина“ како и од други издавачки куќи кај нас. На едно место е собрана најквалитетната модерна книжевна продукција, голем избор од белетристиката, книжевноста за деца и стручната литература, на повеќе јазици. Во неа, покрај книгите, застапени се и многу други содржини: канцелариски материјал, училиштен прибор, дидактички и едукативни изданија, но и помагала за уметност и дизајн, како и рачни изработки и играчки за деца. Во делот на понудата со играчки за деца, од 0 до 14 години, достапни се производи од



повеќе познати светски брендови како: „Клементони“ (Clementoni), „Манопулос“ (Manopoulos), „Бонтемпи“ (Bontempi), „Коби“ (Cobi), „Креатив“ (Creativ), „Енџино“ (Engino), „Ви-кјуб“ (V-cube), „Италери“ (Italeri), „Анимал пленет“ (Animal-Planet) и „Фор ем“ (4M). Дополнително, посебен акцент е ставен на гифт-програмата, во која, покрај производите од брендот „Скрипти (Skriptie)“, можат да се најдат и луксузни подароци, дизајнерски производи за во домот и за во канцеларија. Ова е и седма книжарница на „Литература.мк“, по веќе препознатливите продажни места на улицата „Македонија“, во ТЦ „Рамстор“, „Веро центар“, Градски трговски центар (ГТЦ) и ТЦ „Буњаковец“ во Скопје и на „Широк сокак“ во Битола.

Суперпродавницата на „Литература.мк“ е место каде што постојано се работи на збогатување на понудата и пополека прераснува во една од најзначајните културни места во градот. За тимот кој работи во оваа локација нема граници и посочуваат дека публиката може да очекува уште многу нови настани во иднина.









ГРАЃАНСКО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ОБНОВА НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

КАРПОШАНИ ЌЕ ОДЛУЧУВААТ ЗА „ПАРИСКА“

Вклучувањето на граѓаните во креирањето и одлучувањето во изградбата на инфраструктурата во една општина не само што е инклузивен процес и чекор напред во транспарентното трошење на нивните пари, туку и поттикнувачки начин и градење на одговорни односи со локалната заедница во поттикнување на нејзиниот развој, но, првенствено во управувањето со животната средина, како и со социјалните ризици кои може да се појават.

Оттаму Општина Карпош го поддржа овој критериум на вклучување на граѓаните во сите фази на реализација на проектот за реконструкција на една од позначајните сообраќајници во Тафталиџе 1. Станува збор за реализација на проект во рамките на „Проектот за поврзување на локални патишта“ кој се спроведува преку Министерството за транспорт и врски, а со поддршка од Светска Банка. Општина Карпош учествуваше на овој јавен повик до сите општини во државата и стекна право да и се спроведе реконструкција на улицата “Париска“.

Во периодот што следи ќе се врши реконструкција на улица и тротоари на ул.“Париска“, во УЗ Тафталиџе 1, на потегот од булевар Партизански Одреди каде што се формира раскрсница со булеварот и се до улица Прашка, во должина од 406 метри, при што ќе се обнови коловоз со ширина од 14м и тротоари од двете страни на улицата, кои се со променлива широчина (генерално 1.90м).

Поради сегашната лоша состојба и изразените оштетувања на постоечкиот асфалт кои се во вид на надолжни и попречни пукнатини, ударни дупки и друго, реконструкцијата на улицата е од големо и посебно значење. Со добиеното јавно добро (реконструкцијата на Париска) ќе се овозможи комфорност во сообраќајот, подобрување на безбедноста и сигурноста за пешаци и добро движење, а ќе се унапреди и пристапот како до бројните станбени објекти, така и до објектите од јавен карактер: средното училиште „Георги Димитров“, игротеката, здравствени и медицински установи. Освен тоа во непосредна близина се наоѓаат и образовните институции „Нова“ и „Јахја Кемал“, основното училиште „Јан Амос Коменски“, градинката „Мајски Цвет“, како и објекти од трговски и деловен карактер.

Директни корисници по имплементацијата на овој проект се жителите на урбаната заедница Тафталиџе 1, жителите на Градот Скопје, лица кои работат во установите кои се поставени долж оваа улица, лица од ранливите групи, како и родители кои ги носат своите деца во градинката која се наоѓа во непосредна близина, основното и средно училиште. Оттаму нивното вклучување како заинтересирани страни во директна и индиректна комуникација и одлучување од најрана до завршна фаза на изведба, е од исклучително значење.

Во таа насока, сите споменати засегнатите јавности од овој проект којшто ќе го имплементира Министерството за транспорт и врски со финансиски средства од Светска банка, информациите, известувањата, предлозите, забелешките, жалбите, поплаките, пофалбите ќе ги добиваат и даваат преку директна комуникација, социјални медиуми, јавни консултации итн.

Освен информациите и известувањата кои локалната самоуправа ќе ги пласира јавно, преку сите расположливи канали на комуникација медиуми,социјални мрежи (facebook, Twitter, Instagram),инфо-панели, известувања преку урбаните заедници, Општина Карпош, дополнително, обезбеди два канали на комуникација на кои граѓаните ќе ги испраќаат своите предлози и забелешки и тоа:

Контакт мејл:
dance.popovska@karpos.gov.mk
и преку апликацијата:
m-zaednica.mk







ВЕЖБАЈ НА ОТВОРЕНО: КАРПОШ ДЕЛ ОД НАЦИОНАЛНИОТ ФИТНЕС ДЕН

Општина Карпош, се приклучи во одбележувањето на Националниот фитнес ден -24 септември, заедно со граѓанското здружението „ТАКТ“ со кое, во изминатиот период организираа серија активности за промоција на спортот и физичкото здравје на локално ниво.

Националниот фитнес ден има цел да ја подигне јавната свест кај младите, повозрасните, и воопшто кај сите граѓани за зголемена и континуирана физичка активност.

Денеска се потсетуваме и на потребата од квалитетна и сеопфатна инфраструктура за вежбање и спортски активности. Во период на светска пандемија од Ковид – 19, кога затворените спортски сали и објекти се користат под ригидни протоколи, потребно е да излеземе надвор!

Во тој дух, Општина Карпош го отвори и Спортско – рекреативниот центар во Карпош 3, во рамки на училишниот двор на „Лазо Трповски“.

На овој јавен простор беше организиран и фитнес час, со фитнес инструкторот на „ТАКТ“, Надица Јовановиќ и извршната директорка на оваа организација, Магдалена Спасовска.

Локалната самоуправа, изминатиот период работеше на креирање на повеќе вакви зони. За сите граѓани е достапна фитнес зоната во Карпош 4, која беше направена во соработка со Агенцијата за млади и спорт. Една од попосетените зони е и Баланс + фитнес зоната долж Кејот на Вардар. Веќе повеќе години, граѓаните се рекреираат и во фитнес делот во Козле (долж булеварот „Митрополит Теодосиј Гологанов“).

Ги повикуваме сите граѓани на зголемена физичка активност на отворено. Независно од ковид кризата, фитнес вежбањето е добро за нашето здравје, за психичка подготвеност и полесно совладување на различните животни предизвици.



АМАНЕТОТ НА БОРЦИТЕ ОД НОБ: **СЛОБОДА И ПЕРСПЕКТИВА ЗА МЛАДИТЕ**

Пред спомен – обележјето во Карпош Општина Карпош во придружба со Сојузот на борци, ја одбележаа 79. годишнината од формирањето на Првиот скопски партизански одред (првата партизанска единица на НОБ во Македонија).

Делегација предводена од градоначалникот Стефан Богоев и советниците од општина Карпош, Филип Даскаловски и Емилија Ризеска – Спасова, оддаде почит со положување на свежо цвеќе. Исто така, пред ова спомен – обележје положија цвеќе и претставници од Сојузот на борци, Град Скопје и политички партии.

Градоначалникот Богоев ја потенцираше важноста на Народно ослободителната борба (НОБ), во контекст на времето во кое живееме денеска:

- Борците ни оставија аманет, секогаш да се бориме за слобода и подобра перспектива. Како нова генерација покажуваме дека можеме да работиме на зацврстување на безбедноста на државава. Членството во НАТО е гаранција, а отворањето на преговорите со ЕУ – влог во подобра иднина за сите нас, но и за нашите деца, внуци и идни поколенија, додаде Богоев.

Пред спомен обележјето се обрати и претседателката на Советот на Град Скопје, Љубица Јанчева. Таа посочи дека дел од имињата на членовите од Првиот скопски партизански одред се меѓу предлозите за имиња на нови улици во главниот град. На овој начин, трајно ќе им се заблагодариме на оние кои се бореле против окупаторот, предводени од идеалите за слободна и самостојна држава.







ДЕЗИНФЕКЦИЈАТА НА ШКОЛИТЕ ВО КАРПОШ

Овластена фирма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) изврши редовната дезинфекција на сите десет основни училишта на територијата на Општина Карпош, пред стартот на учебната година на 1-ви октомври.

Според Законот, ваква сеопфатна дезинфекција во предучилишните и училишните установи во општините се врши секои шест месеци во годината, но Општина Карпош, во текот на март направи уште една дезинфекција на градинките и школите поради вонредната состојба со пандемијата.

Дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата во воспитно образовни установи во Општината се врши првенствено за безбедно да се пречекаат учениците во новата учебна година.





СЕКОЈДНЕВНО **МИЕЊЕ И ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ** ВО КАРПОШ

Комуналните служби на Општина Карпош продолжуваат со секојдневните активности за миење и дезинфекција на локалните улици. Цистерните ги мијат и сервисните сообраќајници во УЗ „Владо Тасевски“ (Млечен). Овие цистерни ќе продолжат со миење и во претстојниот период.

Цистерните користат и посебно средство за дезинфекција на јавни површини.

Локалната самоуправа ја набави оваа механизација со цел да овозможи почисти јавни површини, улици, тротоари и платоа. Истата е овозможена преку грант за успешност од Светска банка (преку Министерство за финансии), а во рамки на Проектот за подобрување на општински услуги.





ЕКО „ПРОЕКТ НА ИДНИНАТА“ ВО ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ-КАРПОШ

Со сопствениот проект „Училиштето е место за поттик на младите за позитивни промени и унапредување на животната средина“Училиштето „Христијан Тодоровски-Карпош“ аплицираше до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Проектот опфаќа целосна обнова на школскиот двор на површина од преку 1.000 квадратни метри, во чии рамки ќе „никне“ и стаклена градина, а целата површина ќе биде хортикултурно облагородена со соодветни содржини за поголема функционалност на овој простор.

Станува збор за образовна, истражувачка, развојна студиска програма и изготвен проект, кој треба да ја разбуди свеста на учениците за важноста на заштитата и унапредувањето на животната средина, уште од најрана возраст. Според потпишаниот договор со надлежното министерство, сите активности поврзани со овој проект треба да се реализираат до идната пролет. Поточно, се очекува во март догодина основците да добијат одлично осмислен надворешен простор, во чии рамки ќе можат креативно да се изразуваат.

- Проектот е иницира, но и изработен од родители на учениците во ова училиштеа, при што МЖСПП додели 200.000 денари за реализација на овој иновативен проект, а финансиска поддршка ќе даде и општина Карпош.



ШТЕДЛИВО ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО КАРПОШ

Општина Карпош е во постапка за промена на постоечките и поставување на нови лед светилки, по сите улици и спортско – рекреативни зони кои се под надлежност на локалната самоуправа, со што јавното осветлување во Карпош ќе биде поефикасно и штедливо.

Ова го соопшти градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, кој беше говорник на тркалезната маса „Состојби, предизвици и препораки поврзани со имплементацијата на политиките од областа на енергетиката“, во организација на Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој (ЦеПроСАРД).

Во дискусијата беа споделени повеќе искуства за важноста од користењето на обновливите извори на енергија, промените на системот на греење по државните установи и градење на енергетски – ефикасни објекти.

- Целосно го променивме системот на греење во градинката „Пролет“ во Влае 1. Ако во минатото сме трошеле 14 тони нафта на годишно ниво, со термалните пумпи (принципот „воздух – вода“) спречуваме 11 килограми помалку ПМ10 честички во воздухот. Значи промената е добра за објектот, економски е исплатливо, а здраво е и за животната средина, истакна Богоев.

Градоначалникот, исто така посочи дека во два објекти на градинки („Мајски цвет“ на „Млечен“ и во Тафталиџе 1), со поддршка од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), веќе се променија прозорците и вратите на објектот, со што се подигна енергетската ефикасност и објектите плаќаат околу 50 отсто пониски сметки за потрошувачка на електрична енергија.

Според заменик министерот во МЖСПП, Јани Макрадули интенцијата е сите државни институции да бидат енергетски – ефикасни и да не загадуваат.

Како општината/градот да станат пријател на младите?

МЛАДИТЕ ДА ОДЛУЧУВААТ ЗА МЛАДИТЕ

Автор: **Виолета Цветковска**



„Младите треба да станат гласот, а не ехото“. Под овој слоган, во Крушево се одржа национална конференција насловена „Град-пријател на младите“ на која свој придонес даде и Општина Карпош.

Карпош се врборјува меѓу седумте општини покрај Струга, Крушево, Центар, Струмица, Кратово и Прилеп, кои се вклучени во проектот инспириран од проектната идеја „100% Youth City“ имплементирана од европски младински организации кои сакаат да создадат средина во која младите ќе бидат видлив и активен креатор на локалните политики.

Карпош е прва општина која според новиот Закон за младинско учество и младински политики преку Советот на локалната самоуправа ја одобри иницијативата за формирање Локален младински совет, а наскоро ќе објави јавен повик за формирање на иницијативен одбор, како еден од клучните чекори до негово конституирање.

Општина Карпош е високо на листата на пријателска општина кон младите со самиот факт што е водечка во двонасочна комуникација со оваа јавност, со транспарентност на политиките преку прифатлив јазик на комуникација на социјалните мрежи (пр: граѓански буџет), благовремено информирање и достапност за секое прашање и одговор во најбрзо време, но и со отвореноста за прифаќање и финансирање на младински проекти.

Ако една општина има испланирано младински буџет (одреден износ средства наменети исклучиво за имплементација на младински политики) тогаш таа е 25% пријател на младите. Ако освен испланирани финансиски средства има обезбедено и простории за младински активизам веќе е 50% пријател на младите. Доколку освен испланиран буџет, обезбедени простории има и функционален Локален младински совете таа е 75% пријател на младите, а згора на сето тоа, ако има и имплементирана стратегија за млади, тогаш веќе имаме општина или град кој е 100% пријател на младите.

Ова би биле некои главните сидра и пред се финансиската подлога кои се клучни за младинскиот сектор, а кои беа една од носечките теми на националната конференција која ја спроведува Младинскиот сојуз Крушево.



Во духот на слоганот „Младите треба да бидат гласот, а не ехото“ во едно општество Ивана Туфегџиќ, поранешен координатор на Клубот за младински прашања и политики при Собранието на Република Северна Македонија, и една од најголемите лобисти за неодамна усвоениот Закон за младинско учество и младински политики, говореше за младинскиот активизам кој всушност е избор, а изборот е луксуз кој се пружа. Таа ги објасни чекорите со кои се доаѓа до создавање на локален младински совет, од нужната промена на статутите во општините, повик за формирање Иницијативен одбор, формирање Собрание на млади, кандидирање и избор на членови на Младинскиот совет, при што избраните членови на локалниот младински совет стекнуваат советодавна, но и застапувачка функција и можност да иницираат точки на дневен ред на седниците на советите, што во пракса значи наметнување на теми кои директно се од интерес на младите.

Според Ана Манасиева од Агенцијата за млади и спорт, не е возможно да се донесат стратегии за млади без учество на младите, задолжително во општините именување на службеник за млади кои ќе ги информира и ќе соработува со младите и дури тогаш можеме да очекуваме фидбек во исполнување на младинските политики. Младите треба да бидат партнер на институциите, а во соработката треба да се вклучи и невладиниот сектор.

Од комуникациски аспект, според експертот за односи со јавност и нови медиуми Бојан Кордалов, младите треба да одлучуваат за младите, а не други да одлучуваат за нив. Потребна е редовна двонасочна комуникација, без говор на омраза и да се охрабруваат градоначалниците во користење на новите комуникациски канали и дигитализацијата воопшто.

Целта на проектот, како што информираа од Младинскиот Сојуз, е развој на вештини кај млади луѓе, младински работници, претставници на локални младински совети, локални носители на одлуки за поддршка на создавање градови пријатели на младите. На конференцијата покрај претставниците од општините Струмица, Крушево, Центар, Карпош, Струга, Прилеп и Кратово учествуваа и претставници на граѓански и младински невладини организации и млади луѓе.

Проектот „Град-Пријател на Младите“ е поддржан од Амбасада на САД во Северна Македонија и се стреми да ја подобри состојбата на младинските политики, стратегии и механизми на локално ниво.

Разговор со **Никола Нешкоски**, здружение на граѓани „Еко Логик“

ВЕЛО - ОПШТИНА ЗА ПОЗДРАВИ ГЕНЕРАЦИИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Разговараше: **Димитар Караташев**



До сега се реализирани над 140 работилници во училиштата, во кои активно учествуваа над 10.000 ученици и преку 500 родители кои учеа за велосипедизмот, но и за безбедноста во сообраќајот.

Сите 10 општински основни училишта во Карпош се дел од вело – мрежата. Опишете на кратко како функционира проектот „Вело – училишта“.

Нешкоски: Почетната идеја на „Вело Училишта“ беше да се опфатат десетина основни училишта од целата држава во кои, со учениците ќе се спроведуваат различни видови на активности на темата велосипедизам. По само неколку месеци од имплементацијата на вело активностите, интересот на основни училишта кои ја изразуваа својата желба да учествуваат во истите растеше со огромна брзина. Од таа причина формиравме Вело Мрежа на основни училишта кои безрезервно ги имплементираат вело активностите и придонесуваат за се поголема промоција на користење на велосипедот како превозно средство. Учебната година 2019/2020 и покрај сите предизвици со кои се соочувавме, со особено задоволство можеме да кажеме дека ја заокружиме со 116 основни училишта кои се активни членки, од 24 општини од целата држава. Училиштата кои се активни членки, меѓу кои и сите 10 општински основни училишта во Карпош, ги спроведуваат вело активностите кои се креирани од наша страна, во тек на редовните часови, но и како воннаставни активности. Спроведувањето на активностите се реализира преку целосна поддршка од страна на тимот на Вело Училишта. Имаме навистина одлична соработка и комуникација со сите училишта и наставници кои се вклучени во самата програма и како резултат на спроведените активности, учениците ги развиваат сопствените вештини за секојдневно возење на велосипед како и учење на основните информации за велосипедот, но и за безбедноста во сообраќајот. До сега се реализирани над 140 работилници во училиштата, во кои активно учество имаа над 10 000 ученици и преку 500 родители. Со почетокот на новата учебна година сигурни сме дека овие бројки ќе се зголемуваат, бидејќи интересот на децата да возат велосипед е навистина голем, но и нивната желба за учење на основните информации поврзани со велосипедизмот.



Кои сé активности се опфатени во проектот?

Нешкоски: Имаме навистина голем број на активности кои се креирани од наша страна, а кои целосно ја опфаќаат темата велосипедизам, како и безбедност во сообраќајот. Истите се поделени на теоретски и практични активности, односно на активности кои може да се имплементираат во училница и активности кои може да се имплементираат надвор од училница или во природа. Теоретските активности се оние активности преку кои учениците ги добиваат основните информации за велосипедот како на пример: како настанал велосипедот или еволуција на велосипедот, какви видови на велосипеди постојат, од кои делови е составен и уште многу други. Активностите кои се спроведуваат во училница се едноставни, многу интересни и преку кои се поттикнува вниманието, перцепцијата и интересот на учениците за самиот велосипед. Исто така, дел од овие активности се спроведуваат и преку едукативни игри, со кои максимално се поттикнува интересот на учениците за учење на нови информации. Од друга страна, практичните активности, или оние активности кои се имплементираат надвор од училница или во природа се оние активности преку кои учениците можат практично да го искусат теоретското знаење. Тука спаѓаат проверка на велосипедот, правилно местење на заштитна кацига, унапредување на вештините како баланс, контрола, тргнување, запирање, лепење на гума, учење на рачните сигнали кои се употребуваат додека се вози велосипедот, возење на специјално направен полигон со препреки и навистина уште многу, многу други. Практичните активности се круцијални во заокружување на знаењето на секој ученик за велосипедот, како и за безбедноста во сообраќајот. Покрај сите горенаведени активности во текот на годината спроведуваме и креативни активности како: Предизвик за џебна сликовница, предизвик за

домашен натпревар во Х/0, предизвик за возење велосипед дома, кои наидуваат на огромен интерес од страна на децата, но и од нивните родители и наставници. Одбележувањето на Европска недела на мобилност, која традиционално се одржува секој Септември од 16 ти до 22-ри во месецот, Еко Логик како организација ги спроведува добро познатите „Вело Родео“ настани кои се со огромен број на посетители, а дополнително се спорведува и ликовен и литературен конкурс на кој право на учество имаат сите ученици од прво до деветто одделение. Минатогодишниот конкурс го заокружевме со над 1000 ликовни и литературни творби, кои ни пристигнаа и во електронска и во физичка форма.





Дали, полека но сигурно, се подигнува свеста кај младите за користење на велосипедот како превозно средство? Ваши искуства?

Нешкоски: Повеќе би рекол брзо отколку полека. Секојдневно има повеќе млади на велосипед, дел поради можноста да бидат независни во поглед на транспорт, и одење од точка А до точка Б, друг дел поради спортски потреби, а трет дел заради заштита на животната средина и намалување на загадувањето. Но, иако зголемениот број на млади луѓе на велосипед е предност и сите треба да го поддржуваме и дополнително стимулираме, се јавува уште една работа – (не)познавањето на сообраќајните правила и знаци, и секако сообраќајната (не)култура. Затоа постои Вело Училишта – да го зголеми знаењето и вештините на децата во ова поле, сé со цел повеќе и побезбедни деца на велоиспед. Ние активно работиме на ова поле, и веќе од пролет ќе имаме и нови активности специјално дизајнирани за велосипедисти почетници, но и фамилијарни активности. Мора да се посвети големо внимание на зголемената безбедност во сообраќајот.

Што предлагате за подобрување на вело – инфраструктурата во Општина Карпош?

Нешкоски: Зголемен број на т.н смирувачки средства околу училиштата, но, и поставување на радари за мерење на брзина. Секаде низ Скопје се вози со брзина над дозволената, и ова може да доведе до сериозни, несакани последици. Дополнително, креирање и обележување на велосипедски патеки во околината на училиштата и надвор од неа би било добра стартна точка за креирање на вело населба. Повеќе од очигледно е дека има зголемен сообраќај и број на возила во Општина Карпош, но ова значи дека има и зголемен број на деца за кои треба да се грижиме. Карпош треба да стане општина креирана по желба на луѓето – велосипедистите и пешаците.

Почнавте со организација на вело – родео настани. На платото на „Млечен“ имаше навистина убава маалска дружба, во насока на враќање на маалскиот живот, што е една од целите и на локалната самоуправа. Дали ќе продолжите со овој тип на активности, кои придонесуваат за зголемена физичка активност кај младите и за момент да ги остават мобилните телефони...

Нешкоски: „Вело Родео“ настаните се веќе препознатлива активност на Здружението Еко Логик, а кои се реализираат преку програмата на Вело Училишта. Постојат неколку типови на истите, при што оние од најмал обем ги реализираме директно во училиштата, додека оние од поголем обем ги реализираме преку концептот на т.н: “маалски настани“ и “селски и/или градски настани“. За организирање на еден вело родео настан е потребно многу труд, луѓе, но и она по што настанот е препознатлив – вело полигон и едукативните игри целосно креирани од наша страна. Идејата е да се понудат интересни активности преку кои децата ќе можат да ги подобрат своите велосипедски вештини, да ги научат основните сообраќајни правила и знаци, како и да ја искажат својата креативност преку серија на работилници и едукативни игри креирани од самите нас. Од наредната година планираме поинтензивно да ги организираме овие Вело Родео настани, во што е можно повеќе општини.

Кои се идните планови на среден и долг рок на здружението „Еко – Логик“ ?

Нешкоски: Еко Логик како организација работи во



неколку полиња, при што се приоритет неформалното образование за деца, млади и возрасни на теми од типот на екологија, велосипедизам и одржлив развој. Еко Логик е прилично активна на интернационално ниво, при што голем дел од активностите се реализираат низ повеќе земји низ Европа. Во идниот период организацијата ќе работи доста во полето на гејмификација, односно учење низ игра, каде на децата, но и возрасните со кои работиме им нудиме еден поинаков пристап, преку кој на интересен и искуствен начин учат за одредена тема. Еко Логик е поионер во учењето низ игри во Македонија, така што досега организацијата има креирано серија на игри за деца, млади и возрасни. Во поглед на програмата Вело Училишта, идејата е да се продолжи со исто темпо, каде едукацијата за велосипедизам ќе биде присутна во што е можно повеќе училишта ширум земјата. Во идниот период следат серија на работилници и едукативни настани за наставници, но и за родители и деца. Следете не за повеќе информации!

Вело Поздрав!





@MilosVukasinovic



Јонуз Фејзула

#Новото



Стефанија и Андреј Андоновски



@koleski



Симона

Нормално









Стефанија и Андреј Андоновски

БАЛАДАТА ЗА...

Автор: **Благојче Атанасоски**



Сместена во населбата Козле, веднаш до непосредна близина на ООУ „Владо Тасевски“, кафеаната „Канцона“ е еден од најстарите и најпознатите угостителски објекти во цело Скопје. Но, „Канцона“ е многу повеќе од само една обична скопска кафеана Повеќе од три децении, уште од поранешната заедничка држава Југославија, овој објект опстојува и ги опслужува сите љубители на добрата храна и атмосферата која ја нуди.

Сопствениците на овој угостителски локал Боро и Македонка Митрески создале уникатно место за уживање и опуштање во една непретенциозна атмосфера. Третите места во 2014-тата и соодветно во 2016-тата, на рангот за најдобар угостителски објект во главниот град се доволен доказ и признание за квалитетот и услугата на оваа кафеана, но првото во 2015-тата е круната во успешноста на работата во угостителството.

И навистина, сите добронамерници во „Канцона“, може да се чувствуваат пријатно како дома. Големиот избор на разновидна храна и пијалоци, го прави амбиентот одличен, а за секој со специфичен и различен вкус има од сé по нешто. Доколку сакате да појдете на утринска чорба, во „Канцона“, ќе бидете услужени со: јагнешка, телешка, пилешка, шкембе, но и рибја, а доколку сте љубител на закуските тука ќе ви понудат одличен избор на сирења на скара, сирење во фолија, летна манџа, тавче гравче, но, и вкусни пити. Тие кои се гурмани, и сакаат одлична скара, тука може да пробаат од стандардните на менито: ребро, плескавица, пилешко и свинско филе, ражнич, увијач, но и специјалитетите „Куп Канцона“ (свинско филе, шунка, кашкавал, печурки), плескавица „ Ала Канцона“ (јунешко, коцки кашкавал), и многу други.

Специфична е понудата и на јадења во сос: свинска коленица во сос, телешки мускул, селско месо, пилешко во сос. За најголемите сладокусци на доброто место тука се печењата: свинско, прасечко и јагнешко. Зошто „Канцона“, неколкукратно била прогласувана за една од најдобрите кафеани во Скопје е тоа што тука може да нарачате и пици (капричиоза, наполитана, вегетаријана) и пастрмајлии (свинска, пилешка), што значи оваа кафеана не е само „една обична кафеана“.

За да се заокружи богатата понуда на ова културно скопско место, можете да си нарачате и риба, доколку исклучиво јадете риби (крап, орада). Се разбира, во кафеаната освен жестоките пијалоци, разновидни пива, се служат и наливните вина на „Тиквеш“ и „Бовин“, но и пенливи (шампањ). За целосно уживање во гурманлукот на крајот ќе се засладите со благите десерти (баклава, палачинка).

Канцона се разбира, не е само една обична кафеана и не случано си го стекна високото место во скопската гастрономска хиерархија. Наша среќа е што оваа гастрономска балада е лоцирана во Карпош. Во неа со децении, се прославувале крштевки, матурски, дипломски, роденденди. Позната е по културниот амбиент, релаксираната атмосфера и пријатноста во која уживате во даденият момент. Доказ дека со добар квалитет, одлична понуда на храна, амбиенталност на просторот, и пред се услужливост на персоналот, еден навидум обичен угостителски објект, може да го издржи тестот на времето и понатаму да биде на самиот врв.









ЦВЕЌЕ ВО СЕКОЈА СЕЗОНА И **ЗА СЕЧИЈ ВКУС**

Автор: **Благојче Атанасоски**







Цвеќарството е толку стара бизнис идеја, речиси колку и цвеќето. Можеби една од најубавите работи но и подеднакво изискувачка.

Карпошаните Емилија и Жарко Божиновски долги години се занимаваат со благороден семеен бизнис. Всушност имаат расадник за цвеќиња, во којшто ги одгледуваат, аранжираат и потоа ги продаваат. Сопругот Жарко од својот „Жареми Гарден“ расадник, произведува најразлични саксиски и режани цвеќиња кои потоа ги продава на тезга на пазарчето „Тафталиџе“. Сопругата Емилија пак, освен „домашно произведените“ цвеќиња, продава и егзотични цвеќиња, за сечиј вкус.



- Ова е наш семеен, наследен бизнис, од таткото на сопругот, кој цел живот се занимаваше со одгледување на цвеќе. За да функционира ваков мал семеен бизнис, треба ангажман од сите. Цвеќето бара максимална посветеност, и морам да истакнам дека сопругот, во вистинска смисла на зборот, од утро па до вечер е ангажиран во нашиот расадник, вели Емилија.

Цвеќарата „ Жареми-Про“ освен со продажба на режано и саксиско цвеќе, прави и цветни аранжмани, декорации за секаков вид на свечености, но и врши и испорака на цвеќе и продава сезонски расад.

- Преференциите на луѓето се најразлични. Во зависност од тоа за каков вид на пригода станува збор, ние им препорачуваме каков вид на цвеќе е најсоодветно да купат за намена. Купувањето на цвеќе има длабока традиција во културата на нашиот народ, за секакви настани: од свадби до погреби, од прослави на дипломски, слави, родендени, до најмодерните за „Св. Валентајн“. Едноставно, цвеќето е симбол на животот, и како такво се слави кај нас, ни објасни Емилија.

Најчесто продавани и барани режани цвеќиња во оваа цвеќара се: крин, роза, гербер и гладиола, додека од саксиските најпродавани се љубичицата и хризантемата, но и антирумот и кротонот.







Најчесто поставувани **ПРАШАЊА**

Како и каде да пријавиме сечење на стари дрвја?

Постапка за сечење и кастрење дрвја и гранки:

– Физичко/правно лице поднесува Барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи.

– Стручни лица со увид на лице место ја утврдуваат состојбата и потребата за сечење, односно кастрење на дрвото и донесуваат Решение.

– ЈП „Паркови и зеленило“ – Скопје ја најавува активноста во Град Скопје и релевантната општина и постапува според издаденото Решение.

Постапката се извршува според член 29 од Законот за урбано зеленило (бр. 08-371/1 од 15.01.2018 год.).

– При временска непогода или во друг случај кога има паднати дрвја на коловоз или јавна површина, по дојава на Центар за управување со кризи екипата на сектор Дрвореди излегува на терен и го отстранува дрвото.

Бараме да се постават клупи долж Кејот на реката Вардар, каде да се обратиме?

- Почитувани, Урбаната опрема долж Кејот на Вардар ја одржува и поставува Град Скопје. Ние ги пренесуваме вашите барања.

Дали е во план да се направи некои игралиште или мини паркче во просторот кај Гранд Престиж?

- Гледаме рамномерно да ги развиваме сите населби. Во Тафталиџе 1 моменталнo работиме на нова канализациона мрежа, потребна за новите згради, кои беа изградени неплански. Секако дека во наредна фаза ќе имаме предвид и за спортско - рекреативни катчиња, зони за деца.

Зошто не ставите гумирана подлога на игралиштето во Тафталиџе?

- Не е возможно да поставиме гумирана подлога на секое детско игралиште (затоа што се повеќе од 60) и финансиски не можеме да си дозволиме. Сепак, гледаме сите тековно да ги обновуваме, а дел и да стануваат инклузивни (за деца со попреченост).

Кога ќе ги тргнете хаварисаните возила кои зафаќаат паркинг простор?

- Знаеме дека се проблем во сите скопски општини.Очекуваме поголема акција на градот и пајак службите на ЈП за дислокација на хаварисаните возила.

Очекуваме поправка на лулашките во паркот спроти Студентскиот дом

- Направивме санација на тоа игралиште, но повторно е уништено. Планираме и дел од просторот да се гумира.

Граѓаните на општина Карпош би биле многу благодарни доколку општината спроведува редовни контроли на бучавата од кафе баровите и другите угостителски локали

- Мериме бучава на угостителски објекти и ние. Изрекуваме и санкции. Потребно е да се поднесе соодветна пријава до Секторот за инспекторат, со локација, име на локал, при што нашите служби вршат мерења со мерни инструменти.

Нови **Медиуми**



Emilija Adz
Koga ke se resi parkiranjeto I potpisi sobiravme I pominaa skoro dve godini?
Like · Reply · 17 h

Author
Stefan Bogoev
Здраво **Emilija Adz**. Во Карпош 1 и 2 спроведовме анкети. Доминираат одговори за регулација и продолжува координацијата со ЈП „Градски паркинг", за спроведување на решението. Заради Ковид - 19 кризата, малку се одолговлечи процесот. Поздрав.



Blagica Jakov
Lovkenska 3,5 i 7 koga ke se pravi?Ima plan nekakov?
Like · Reply · 1 d

Author
Stefan Bogoev
Blagica Jakov За секоја улица се подготвува проект, се избира изведувач... но ќе имаме предвид за претстојниот период.



Sonja Iceva
Партизан го чекаме
Like · Reply · 1 d

Author
Stefan Bogoev
Sonja Iceva Како што не информираше Агенцијата за млади и спорт, во финална фаза е основниот проект, по што ќе започне реконструкцијата. Поздрав и убава вечер.



Vesna Stojanova Trajkovska
Навистина се трудите и работите и тоа се гледа. Продолжете вака, одговорно и транспаретно.
Like · Reply · 1 w

Author
Stefan Bogoev
Vesna Stojanova Trajkovska Благодарам за поддршката. Обврзува и мотивира. Поздрав



Срећичка @Bufceto · Sep 10
Replying to @Bufceto and @stefanbogoev
Искрено се воодушевувам на енергијата која ја вложувате, ама мора малку построго. Ситуацијата не дозволува импровизација и оставање на работите спонтано да течат.
1 1

Стефан Богоев @stefanbogoev · Sep 10
Здраво. Се прави и редовна дезинфекција на играчките и предметите со кои децата играат. Секако дека постои простор за напредок и секојдневно апелираме и до воспитниот кадар, хигиеничарите, да бидат уште попретпазливи. Поздрав и секое добро. :)



Olivera Ole Spasovska
Dojdete Na Rudjer Boskovic vo Karpos 2 da gi vidite kontejnerite vo koja sostojba se
nisto ne ste prezele za taa ulica
Like · Reply · 1 w

Author
Stefan Bogoev
Здраво **Olivera Ole Spasovska**. Големите контејнери ги одржува ЈП „Комунална хигиена" Скопје. Како куќен совет, испратете барање до нив за да постават нови. Благодарам на разбирање.



cece @cecenik · 15h
@stefanbogoev дали има шанси да се затрупа депонијата што гореше позади Борис Трајковски? Ужасно смрди, не се спие навечер во Карпош 2.
1

Стефан Богоев @stefanbogoev · 14h
Целосно е исчистена уште минатата година. Поставивме и рампа и ограда, за да ограничиме пристап. За жал, повторно свесно се пали. Пријавено е и во полиција, а побарав и почести вечерни патроли на овој потег.



Трајче Трпев @OffNikol · Sep 14
Replying to @stefanbogoev @marsedonec and @OpstinaKarpos
Kolkav godisen budget ima karpos?
1

Стефан Богоев @stefanbogoev · Sep 14
738.270.000 денари. Но, прибирањето на средства, приходи оди навистина тешко, а и во голем дел исплаќаме долгови од минатите години.



bold @Sasche4 · Sep 13
@stefanbogoev
Дали сте го виделе ѓубрето спроти веро2, преполнети корпи и расфрлано по целиот парк?
Срамота!!
1

Стефан Богоев @stefanbogoev · Sep 13
Ќе пренесам до екипите за да се исчисти. На тој потег, долж булеварот чистат службите на ЈП „Паркови и зеленило".



Jugoslav Madzoski
Stavete policiski lezaj ili semafor,na partizanska vo k4 .ludo se vozi so motori.Znakot za pesacki ne se pocituva.
Like · Reply · 1 w
6

Author
Stefan Bogoev
Здраво Југослав. На булевар не е возможно поставување на „лежечки полицаец". Затоа бараме повеќе патроли од сообраќајна полиција и изрекување на казни. Поздрав.
Like · Reply · 1 w
2



Клиничка Болница **Ацибадем Систина**

КОРОНАВИРУСОТ МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКА **ТРОМБОЗА** И ДА ДОВЕДЕ ДО **МОЗОЧЕН УДАР**

д-р Марија Гашоска
Невролог

Досегашните истражувања и најновите извештаи зборуваат за тоа дека коронавирусот, иако е респираторен вирус, може да предизвика и сериозни компликации на централниот нервен систем (мозокот), периферниот нервен систем, како и скелетно-мускулниот дел.

„Интересен податок од извештаите кои доаѓаат од болниците во Вухан, Кина, е дека кај оние пациенти кај кои страда нервниот систем клиничката слика и самата инфекција од почетокот биле критични. Најчести симптоми на кои се жалат се вртоглавица и главоболка. Мора да се посвети особено внимание на невролошките симптоми, особено кај тешките случаи зашто токму тие ги носат во фатален исход“, вели д-р Марија Гашоска, невролог од Клиничката болница „Ацибадем Систина“.

Вртоглавица и главоболка се знаци дека коронавируост го напаѓа и мозокот

Најчести симптоми кои укажуваат дека инфекцијата со SARS-CoV-2 влијае и врз централниот нервен систем се вртоглавица, главоболка, влошување на свесноста (поспаност, конфузност), мозочни удари, атаксија (нерамнотежа) или епилептични напади. Знаци дека страда периферниот нервен систем се губиток на осетот за мирис и вкус, промени во видот и невропатска болка.

Мозочни удари и кај млади лица како последица на вирусот

Во нормални околности, мозочниот удар кај младите е реткост. Но, во случајот со коронавирусот, вели докторката, младите лица под 50 години може да добијат исхемичен мозочен удар поради тромбоза на голем крвен сад што имплицира и поголем удар и поголемо страдање на мозокот за кислород.

„Како причина за ова се сметаат коагулопатијата и оштетувањата на ендотелот (внатрешниот дел на ѕидот на крвниот сад) причинети од вирусот. Поврзаноста меѓу вирусот и мозочниот удар поради тромбоза на голем крвен сад бара понатамошни испитувања. За жал, овие пациенти подоцна стигнуваат во болница (поради страв од доаѓање во болници или социјално дистанцирање), што е во директна врска со лош исход на пациентот. Најдобриот третман би бил навремено пристигнување во болница и механичко вадење на тромбот најдоцна за 6 или во некои случаи 24 часа по појавата на првите симптоми на ударот“, потенцира д-р Гашоска.

Лицата со невролошки заболувања треба строго да се придржуваат до мерките за заштита од коронавирусот, но кај пациентите со акутни невролошки заболувања ова не е случај, напротив, кај нив третманот не смее да се одложува. За пациентите кои боледуваат од мултипла склероза, д-р Гашоска потенцира дека не смеат да се изложат на ризик од инфицирање со вирусот Ковид-19, бидејќи постои ризик од импакт и врз нивниот моментален третман.

Урбани заедници

Карпош 1
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирче Блажевски
02 | 30.68.754 и 078 | 48.69.29
m: karpos1@karpos.gov.mk
A: ул. Иван Аговски бр.2

Карпош 2
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Лидија Цацановска
02 | 30.71.246 и 078 | 48.69.55
m: karpos2@karpos.gov.mk
m: lidija.cacanovsa@karpos.gov.mk
A: ул. Бранислав Нишиќ бр.4

Карпош 3
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Весна Мирковска
078 | 48.60.59
m: karpos3@karpos.gov.mk
m: vesna.mirkovska@karpos.gov.mk
A: ул. Радика бр.9

УЗ Карпош 4
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Огњан Лазаров
072 | 27.91.83
m: karpos4@karpos.gov.mk
A: ул.Љубљанска бр.6

Тафталиџе 1
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Вера Пенова
072 | 20.96.85
m: taftalidze1@karpos.gov.mk
A: ул.Букурешка бр. 2

Тафталиџе 2
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: taftalidze2@karpos.gov.mk
Одговорно лице:
Горан Велковски
078 | 48.69.28
A: ул.Копенхагенска бр.5
(простории на ЗЕЛС – сутерен)

Влае 1
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Ненад Зафировски
072 | 26.80.53 и 02 | 30.93.174
m: vlae1@karpos.gov.mk
m: nenad.zafirovski@karpos.gov.mk
A: ул. Фјодор Достоевски бр.2

Влае 2
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Витка Ацевска
070 | 72.50.82
Одговорно лице:
Жарко Јосифовски
072 | 26.80.56
m: vlae2@karpos.gov.mk
A: ул. Сливовска бр. 1

Нерези
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Сеад Мехмети
078 | 48.76.23
Одговорно лице:
Весна Антеска
078 | 48.69.22
m: nerezi@karpos.gov.mk
A: ул.Ванчо Мицков бр. 19

Владо Тасевски
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Елена Ѓурчилова
078 | 48.69.27
m: vladotasevski@karpos.gov.mk
A: ул. Алжирска б.б.

Кузман Јосифовски Питу
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Велика Стојановска
078 | 48.69.53
Одговорно лице:
Наташа Геровска
077 | 57.06.87
m: kjpitu@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

Пецо Божиновски Кочо
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирјана Милошевска
070 | 33.82.74
Одговорно лице:
Данче Стевиќ
078 | 22.62.96
m: pecobozinovski@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

Злокуќани
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Гаши Садри
078 | 48.69.23
Одговорно лице:
Васко Крстевски
077 | 80.76.16
m: zlokukjani@karpos.gov.mk
A: ул. Скупи бб.

Бардовци
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: bardovci@karpos.gov.mk
A: с.Бардовци

Одделение за месна самоуправа
Раководител:
Миле Стевков
070 | 23.57.90 и 02 | 30.79.559
m: mile.stevkov@karpos.gov.mk

Кабинет:	02 | 30.55.901 02 | 30.55.902
Претседател на Советот на Општина Карпош:	02 | 30.55.913
Секретар на Општина Карпош:	02 | 30.55.918
Сектор за правниработи:	02 | 30.55.900
Сектор за дејности од јавен интерес:	02 | 30.55.939
Сектор за односи со јавност:	02 | 30.55.920
Сектор за развој на општината:	02 | 30.68.151
Сектор инспекторат:	02 | 30.55.931
Сектор за финансиски прашања:	02 | 30.55.923
Архива:	02 | 30.55.954
Сектор за урбанизам:	02 | 30.55.900
Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи:	072 | 21.43.54
Сектор за екологија и енергетска ефикасност:	02 | 3076 035
Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци:	02 | 3055 942
Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра:	02 | 3067 055

gradonacalnik@karpos.gov.mk
sekretar@karpos.gov.mk
kontakt@karpos.gov.mk

www.karpos.gov.mk

Поважни телефони

Полиција	192
Противпожарна бригада	193
Брза помош	194
Управување со кризи	195
АМСМ - помош на патишта	196
АМСМ - информативен центар	155 55
Авто помош на пат (24 ч.)	9159
Царина	197
Матична служба - ГУВР	3117 037
Сала за венчање	3118 250

ПТТ услуги

Будење	180
Точно време	185
Информации	988
Воена полиција	3227 700
Пазарен инспекторат	975
Водовод и канализација - дежурна служба	3073 010
Комунална хигиена - дежурен диспечер	3224 961
Оџаци - оџачарски услуги	2440 293

Сообраќај

Меѓуградска автобуска станица	2466 313
Македонија сообраќај	2402 388
Железничка станица	3234 255
Аеродром Скопје	3148 333

Дежурни аптеки

Зегин (МНТ-подрум)	3117 614
Реплек - аптека бр.4	3130 170

Здравствени објекти

Клиничка болница	3147 147
Градска општа болница	3235 000
Болница 8 Септември	3087 400
Детска болница - Козле	3085 761
Неуромедика	3130 000
Клиника "Мајчин дом"	3147 004
Стоматолошки клинички центар	3299 000
Гинеколошко - акушерска клиника	3147 147
Гинекологија и акушерство - Чаир	2611 033
Аџибадем Систина	3099 500
Клиника Жан Митрев	3091 500

Дежурни поликлиники

Букурешт	3064 088
Идадија	3113 033
Ѓорче Петров	2031 022
Јане Сандански	2463 277
Чаир	2795 112
Драчево	2611 506
Шуто Оризари	2651 696
Ченто	2522 351
Бит-Пазар	3134 534
Неуромедика	3133 313



e-mail
kontakt@karpos.gov.mk

Facebook
Општина Карпош

Twitter
@OpstinaKarpos

Instagram
@opstinakarpos